ПОЧНА ЕДУКАТИВНАТА КАМПАЊА НА „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“ И НА УСАИД

# Учениците низ игра ќе учат за чистотата

## Со кампањата ќе бидат опфатени учениците од прво до петто одделение од 30 основни училишта во Скопје, кои ќе учат како се селектира и се рециклира отпадот

Учениците од прво до петто одделение од 30 основни училишта во Скопје низ игра ќе учат како се селектира и се рециклира отпадот. ЈП „Комунална хигиена“, заедно со УСАИД, вчера ја претстави општинската програма за селекција на т.н. ПЕТ-отпад (пластична амбалажа) во основното училиште „Мирче Ацев“ во Ѓорче Петров. Во рамките на едукативната кампања „Зелени училишта“, на децата ќе им се објаснува како да се однесуваат кон својата средина... Во училиштето ќе се постави контејнер за ПЕТ-амбалажата, за децата практично да учествуваат во рециклирањето. Училиштата што ќе соберат најмногу ваква амбалажа ќе бидат наградени. Едукацијата ќе ја спроведуваат предавачи од претпријатието, во соработка со невладини организации и со поддршка од УСАИД. Градот Скопје со УСАИД веќе има потпишано меморандум за соработка токму на планот на селекцијата на отпад, рециклирањето и едукацијата во таа насока.

- Верувам дека чистата околина е најубавиот подарок што можеме да им го дадеме на нашите деца. Улогата на образовниот систем е многу важна во овој процес. Образованието за подигање на свеста за околината, соодветни санитарни услови и набљудувањето на чистотата на училишниот двор и околина е особено важно за постигнување позитивно, развојно познавање на околината и подобар квалитет на живот - изјави директорот на мисијата на УСАИД, Мајкл Фриц.

Ова е добар почеток во нашата стратегија за третман на отпадот, истакна министерот за животна средина Нецат Јакупи.

- Со едукацијата на децата, ќе се пренесуваат искуствата и на повозрасните. Вакви проекти треба да се одвиваат во целата земја - истакна министерот.

Во кампањата ќе бидат вклучени четири училишта од општината Ѓорче Петров.

- Со акцијата за собирање на пластиката за нејзино рециклирање, воедно се подобрува финансиската состојба во училиштата, бидејќи сите средства што ќе се соберат ќе одат на сметките на училиштата за подобрување на нивната инфраструктура и на училишната програма - изјави градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

Првиот час за ПЕТ-рециклирањето вчера го одржаа учениците од основното училиште „Димо Хаџи Димов“, а ОУ „Петар Поп Арсов“ од Скопје ја прими првата награда за собирање најмногу ПЕТ-отпад (350 кг) во текот на учебната 2007/2008.

Проектот за рециклирање пластика на УСАИД, вреден 1,2 милион долари, е спроведен во партнерство со општините, како и на јавните или приватните претпријатија. Проширен е на 20 нови општини, вклучувајќи го и градот Скопје.

Проектот инициране програми за собирање пластичен отпад и основаше клубови за рециклирање во основните училишта, опреми еколошки острова и поддржа 8 компании за рециклирање со соодветна опрема.

Селекцијата на отпадот започна во Општина Карпош и таа веќе повеќе од шест месеци успешно функционира.

(А.П.)

ШПИЦ
Вторник 16 септември 2008

НАКУСО

# УСАИД ги учи основците да селектираат пластика

УСАИД во рамките на Проектот за рециклирање пластика, вчера во основното училиште „Мирче Ацев“ во скопската населба Ѓорче Петров ја почна Општинската програма за селекција на ПЕТ амбалажа.

На свеченоста, јавното комунално претпријатие „Комунална хигиена“ ја промовира новата кампања од образовен карактер, „Зелени училишта“, која ќе биде имплементирана во 30 скопски училишта, а е финансирана од страна на УСАИД.

Три од вкупно 14 основни училишта, кои беа вклучени во пилот-фазата на проектот на УСАИД за рециклирање пластика, се наградени за постигнувањата во активностите, а критериумот за наградите беше собраното количество на ПЕТ отпадот во текот на учебната 2007/08 година.